37 - 8746/1
06 07 2021

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

ПРИЛОГ 2

# РОДОВО БУЏЕТСКА ИЗЈАВА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА 2021 ГОДИНА

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
Интредисциплинарни проекти

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за дејности од областа на културата и уметноста, Одделение за креативни индустрии и интердисциплинарни проекти

**Вид на програмата**
☐ Хоризонтална
☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**

Програмта не е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година, но е поврзана со Националната стратегија за развој на културата 2018-2022.

Краток осврт на програмата:

Во Националната стратегија за развој на културата принципот на еднакви можости не е директно вклучен во стратешките цели и приоритети, но овој стратешки документ се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен, динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право. Националната стратегија поаѓа од јасно определена визија за развој на културата во Република Македонија и од основната мисија што треба да ја спроведува Министерството за култура во периодот 2018 - 2022 година. Притоа, овој документ определува принципи и насоки за идниот стратегиски развој и назначува различни

приоритети во дејностите од културата. Националната стратегија за развој на културата во Република Македонија во период од 2018 – 2022 година се раководи од визијата за демократски, плурален, секуларен, слободен, динамичен, рамномерен и одржлив културен развој заснован на рамноправен пристап и учество, како и на одговорно и ефикасно раководење, поаѓајќи од уверувањето дека правото на култура е основно и неприкосновено човеково право. Оттаму, таа се застапува за професионализација, институционална и вонинституционална автономија, департизација и децентрализација во дејствувањето во социо-културниот контекст.

Поаѓајќи од потребата за градење силна и стабилна демократија, општите цели на Стратегијата е да се овозможат еднакви културни права за сите, и да се создадат услови за негување на слободата и разноликоста на творештвото и на културните идентитети.

Стратегијата предвидува овозможување на културни можности за секого:

- Да се поттикнуваат уметничкото творештво, културниот развој, образованието и креативниот потенцијал.
- Да се негуваат уметничката извонредност, експеримент и иновација.;
- Да се овозможи достапност и учество во културните процеси.
- Да се вложува во развојот на публиката и на културните потреби на граѓаните.

Културен капитал, разновидност, соработка:

- Да се афирмира културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор.
- Да се негуваат македонскиот јазик, јазиците на заедниците и интеркултурната комуникација.
- Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социо-културниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација.
- Да се обезбеди заштита, управување и вреднување на културното наследство во согласност со современите европски практики.
- Да се зајакне независниот културен сектор како важен социокултурен чинител.
- Да се развиваат регионалната и меѓународната културна соработка врз принципите на партнерство и размена.

Основањето на одделение за развој и финансирање на современи независни интермедијални и интердисциплинарни културни и уметнички практики при Министерството за култура и издвојување на буџетска ставка за развој на интердисциплинарни современи културни и уметнички практики е дел од приоритетите дадени точката 4.8.2 од Стратегијата.

Во програмата за интердисциплинарни проекти согласно Годишниот конкурс за

финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарни проекти за 2021 година" се опфаќаат проекти во кои се директно вклучени и родовите политики и родовите принципи и тоа во Пријавата за интердисциплинарна дејност 2021 се дефинирани следните категокатегорија на проекти кои ќе се поддржат финансиски од страна на Министерството за култура:

Категорија 1: Интердисциплинарни проекти, поткатегорија 1.1: Подготовка и реализирање на проекти кои содржат активности од различни области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други дејности, како, на пример: уметност и наука, уметност и технологија, уметност и родови политики, уметност и образование итн;

Категорија 2: Нови модели на јавни простори во областа на културата, поткатегории 2.1: Развој на нови модели на јавни мултидимензионални простори во културата во различни региони во земјава и 2.2: Поддршка на работата и програмата на постојни јавни простори во културата кои дејствуваат интердисциплинарно.

Основната намена на оваа програма е да се поттикне финансирањето на проекти кои одстапуваа од досегашната традиционална поделба на уметничките сфери. Оваа категорија на проекти е воведена во 2018 година кога Министерството за култура од конкурсниот циклус за 2018 година, воведе целосно нова конкурсна апликација за интердициплинарни проекти, со што ја демонстрира и во пракса заложбата за приклучување на македонската култура кон современите и иновативни светски трендови во културата.

## 2. Анализа на состојбата (објаснете кои се родово релевантните прашања во секторот/областа опфатен/а со програмата и кои фактори придонесуваат кон родова нееднаквост)

Досегашните практики укажуваат дека застапеноста на жените во културата е на задоволително ниво во однос на вработени лица во установите од културата, но во однос на учество во проекти поддржани преку Годишните конкурски.

Исто така досегашите преку изработени родово-Буџетски изјави за 2018 и 2019 година покажаа дека и во областа на интердисциплинарните проектии бројот на поддржани проекти со родова тематика се зголемува, почнувајќи од 3 проекта во 2018 година, 8 во 2019 година, 26 проекта во 2020 година, но овие бројки не се доволни за да се постигнат поголеми исчекорувања и промена на состојбите со еднаквите можности и позицијата на жените и маргинализираните групи во општеството и културата.

Со цел следење и утврдување на точната слика на учество на жените и мажите Министерството за култура во конкурсните формулари по дејностите кои се финансираат со Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 година, објавена во октомври 2020 годна, воведе графа во која подносителот на проектоте треба да наведе број на мажи, жени и други

(трансродови) лица кои учествуваат во проектот.

Резултатите од Конкурсот за финансираните проекти за 2021 година, со број на учество на мажи, жени и трансродови лица ќе бидат наведени во извештајот за 2021 година.

**3. Предложени интервенции** (наведете ги интервенциите кои сметате дека ќе ги намалат родовите нееднаквости во секторот/областа)

Предложените интревенции од страна на Министерството за култура, се во насока на поттикнување на интредисциплинарни и интерсекторски проекти кои имаат за цел да ги обработат родовите политики во општеството, прашањето на еднаквоста на жените наспроти мажите, прашањето на статусот на жените и трансродовите лица и припадниците на ЛГБТИ заедницата. Родовите нееднаквости во областа на културата може да се намалат со директно стимулирањеи финансирањена проекти кои ја истражуваат позицијата на жената и мажот во историјата, но и проекти од областа на создавање на тековно творештво и современа уметност, како и истражувања во културата, кои критички ги обработуваат социјалните, етичките и естетските и други аспекти во општеството од областа на родовите политики, позицијата на жените и мажите, но и останатите маргинализирани групи и сексуалните малцинства.

Родовите нееднаквости може да се намалат и со финансирање на проекти, чиј што подносител/и се жени, но и проекти кои треба да ги истражуваат условите поради кои жените немаат еднакви можности со мажите, да се изразат/искажат во областа на културата. Овие состојби можат и треба да бидат отстранети преку обезбедување на институционална и финансиска поддршка и внесување на приоритети во Конкурсите од национален интерес.

**4. Очекувани резултати од програмата** (опишете низ кои практични чекори ќе ги постигнете резултатите кои ќе обезбедат подобри можности и за жените и за мажите во имплементацијата на програмата и како постигнувањето на тие резултати ќе помогне во унапредување на еднаквоста).

Интердисциплинарни проекти како програма, веќе беше третирана и обработувана како родово-сензитивна програма со доставување на Родово-буџетските изјави за 2018, 2019 и податоци за 2020 година, а целта е и понатамошно зголемување на бројот на поддржани проекти кои ги обработуваат родовите прашања, политики и состојби во 2021 година.

## 5. Аутпут индикатори

-Број на подржани проекти кои обработуваат теми од областа на родовите прашања во општеството и културата, состојбата со правата на жените и сексуалните малцинства со одвоена сума за овие проекти
-Број на поддржани проекти од областа на правата на жените во кои главен носител е жена со одвоена сума за овоие проекти
-Број на лица кои присуствувале и учествувале при реализацијата на овие проекти
- Број на продукти кои се резултата на овие проекти (книги, каталози, филмови, дебати)

## 6. Буџет на програмата/извор на средствата

Средствата утврдени во Буџетот на Министрството за култура за 2021 за оваа намена се дефинирани во програмата 72-Мултидициплинарни програми на расходна ставка 464-разни трансфери со вкупен износ од 29.500.000 денари .

МИНИСТЕР,

Ирена Стефоска

Работна група за родово буџетирање
Нада Пешева
Дафина Џепароска
Љумтурије Зајази
Александар Георгиевски
Марија Џунова
Нермин Адеми